Врз основа на член 7 став 1 точка 1, 4 и 7 од Законот за заштита на растенијата ("Сл. весник на РМ" бр. 25/98 и 6/2000), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**НАРЕДБА**
**ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ШИРЕЊЕТО И СОТРУВАЊЕ НА ПЛАМЕН ИЦАТА НА ПИПЕРКАТА (PHYTOPHTHORA CAPSICI)**

1. За спречување на ширењето и сотрувањето на пламеницата на пиперката (Phytophthora capsici) во подрачјето на Радовишко каде што има појава на ова заболување се наредуваат следните мерки:

1.1. Држателите на растенијата на сопствените површини - посеви од пипер да ги соберат растенијата и растителните делови на купишта и извршат нивно палење. Собирањето и палењето да се изврши пред вршењето на есенската обработка.

1.2. Остатоците од пиперките покрај меѓите, каналите и др, површини исто така да се соберат и внимателно запалат.

1.3. Да се изврши длабоко есенско заорување.

2. На површините на кои во производната 2000 година е констатиран јак интензитет на присуство на причинителот на ова заболување и штети причинети по оваа култура од 60-100% се определува мерката плодоред, односно забрана за одгледување на куртова капија 2 години и тоа на следните површини:

- Во К.О. Ињево место викано ЛАКИ лево од патот Друмот во површина од околу 60 ха.;

- Во К.О. Радовиш, место викано ГЛАДНО ПОЛЕ во границите лево од патот Радовиш

- Струмица се до реката Сушица по Воиславски пат се до спојот со главниот пат во површина од 50 ха;

- К.О. Воиславци, површината меѓу ДОБРИ ДОЛ по Раклишки пат се до главниот пат Радовиш - Струмица во место викано Скрдо во површина од 70 ха;

- К.О. Сулдурци локалитет меѓу Чифлички пат и Пазарски пат се до спојот со главниот пат Радовиш - Струмица место викано ГОРГОР во површина од 20 ха.

3. Производителите производството на пиперка во 2001 година да го вршат исклучиво според упатствата издадени од Управата за заштита на растенијата при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со цел за спречување на појавата и ширењето на ова заболување.

4. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-8786/1
6 ноември 2000 година
Скопје

Министер,
**Марјан Ѓорчев**, с.р.